Архивски број: 08-168/4
година
22 -06- 2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-168/1 од 13.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје во име на малолетно лице во својство на син против Општинско основно училиште „11 Октомври“ - Скопје, за сторена дискриминација врз основ на боја на кожа, етничка припадност, лично својство и општествен статус и семејна или брачна состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 08.06.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација врз основ на боја на кожа, етничка припадност, лично својство и општествен статус и семејна или брачна состојба од страна на Општинско основно училиште „11 Октомври“ - Скопје врз [redacted] од Скопје, односно врз малолетно лице во својство на син на подносителката, во областа на образование, наука и спорт.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 30.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, поднесена е претставка за заштита од дискриминација број 08-693/1. Претставката подносителката ја поднесува во име на малолетно лице во својство на нејзин син.

Подносителката во претставката тврди дека од страна на ученици и вработени во ООУ „11 Октомври“ – Скопје се врши дискриминација врз нејзиниот син кој е ученик во тоа училиште, на начин што бил постојано малтретиран и омаловажуван од нивна страна. Таквата состојба траела подолго време, а по нејзините пријави на такви настани не се преземале никакви мерки од страна на училиштето, по што таа како самохран родител не била задоволна од односот на вработените. Кон претставката во прилог не се доставени дополнителни документи или докази.

ООУ „11 Октомври“ – Скопје таквите наоди со допис бр. 08-168/3 од 15.03.2023 година, кој врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е доставен до Комисијата, ги отфрла како неточни. Тие упатуваат и ја истакнуваат мисијата на училиштето, во која се наведува дека „нашето училиште е средина која го поддржува индивидуалниот развој на учениците, ги почитува


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

родовите, етничките и другите различности, го поддржува професионалниот развој на наставниците што се заедно резултира со ефективност и задоволство на сите вклучени во воспитно образовниот процес", како и на визијата на училиштето според која се истакнува дека се настојува „работата во училиштето да се темели на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, здравјето, сигурноста и безбедноста во која сите деца ќе напредуваат според своите индивидуални способности, како и на ефикасната партиципација на сите вклучени во неговата работа". Малолетниот син на подносителката бил редовен ученик во шесто одделение во ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар во учебната 2022/2023 година, кој живее во еднородителско семејство на самохран родител, мајка, со две малолетни деца. Во одговорот се наведува дека по етничка припадност тие се декларирани како македонци. Тие истакнуваат дека посочениот ученик е вклучен во сите наставни и воннаставни активности, а „имајќи го во предвид фактот дека станува збор за еднородителско семејство и семејство во социјален ризик, родителите од паралелката заедно со наставниците и училиштето, даваат максимален придонес за да се овозможи ученикот да ги следи сите воннаставни активности и да ја следи онлајн наставата за време на Ковид пандемијата". Во таа насока, ученикот добил таблет со инсталиран интернет до неговиот дом и со месечна претплата, со средства обезбедени од родителите на другите ученици од паралелката. Дополнително истиот бил на иницијатива на училиштето во учебната 2019/2020 година предложен до Општина Центар за добивање стипендија за ученици од семејства во социјален ризик и истиот по позитивен одговор од општината остварувал стипендија за цела учебна година. Ученикот и често отсуствувал од настава за што редовно се преземале мерки, како свикување на родителот на индивидуална средба со одделенскиот раководител и дополнително на советување од страна на стручната служба на училиштето.

Училиштето посочува „Во разговор од вибер комуникација меѓу мајката [redacted] и одделенскиот раководител, од страна на родителот е посочено дека нејзиниот син бил навредуван од страна на неколку соученици и тоа е причина за негово отсуство од училиште на ден 18.11.2022 година. Со цел да се спречи секаков тип на недоразбирања, конфликти, навредувања и слични ситуации меѓу учениците по било кој основ, одделенскиот раководител и училиштето ги презедоа сите потребни активности и мерки во рамките на надлежностите. Во врска со оваа пријава, одделенскиот раководител истиот ден оствари индивидуална родителска средба со мајката, и на истата беа договорени одредени активности за превенирање на такви ситуации. Во врска со договорените активности реализирана е советодавна работа на одделенскиот раководител со учениците од паралелката за нивната соработка, соживот, меѓусебно почитување, помагање и доверба. Од советодавниот разговор со учениците произлезе и темата на работилницата „Кажување лаги и вистини" реализирана на 21.11.2022 година.". Дополнително се истакнува и дека на 16.12.2022 година подносителката на вибер порака до одделенскиот раководител пријавила дека на час по физичко образование играјќи кошарка нејзиниот син бил изгребан од неговиот другар. Следствено, во врска тој настан одделенскиот раководител

реализирал индивидуални разговори со подносителката и со родителот на другиот ученик, како и индивидуална советодавна работа со учениците учесници во инцидентот, по што била реализирана и работилница на тема „Справување со емоции – однесување во лутина" со учениците од паралелката. Исто така, истакнуваат дека е реализирана и советодавна работа со ученикот [redacted] од страна на стручната служба во училиштето.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Во утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата подеднакво ги ценеше тврдењата и изнесените факти и околности од двете страни, без притоа да смета дека товарот на докажување се префрла на страната на потенцијалниот дискриминатор. Ова од причина што, Комисијата испитувајќи ги наводите во претставката, не ги најде за веројатни тврдењата на подносителката за сторена дискриминација врз нејзиниот малолетен син, по основ на боја на кожа, етничка припадност, лично својство и општествен статус и семејна или брачна состојба од страна на ООУ „11 Октомври" – Скопје.

Во рамки на утврдувањето на фактичката состојба со процесно преземените дејствија, Комисијата утврди дека подносителката во ниту еден момент не го направила веројатно тврдењето за сторена дискриминација, со тоа што изнесените тврдења се воопштени, без притоа да бидат наведени конкретни настани или дејствија, како и определени лица вклучени во истите, ниту пак таквите аргументи дополнително се поткрепени со податоци или документи, што би ги направиле веројатни. Спротивно на наведените тврдења во претставката, другата страна како потенцијален дискриминатор, изнесените контрааргументи соодветно ги има поткрепено со приложена документација. Видно од приложеното, односно дадени изјави од предметни наставници, формулари од остварени индивидуални разговори со родители, советодавни работи со ученици, записник од советодавна работа со ученици, концепт програми од спроведени работилници и изјави од родители,

спротивно на тврдењето на подносителката дека не биле преземени мерки од страна на училиштето, Комисијата најде дека во повеќе наврати, ООУ „11 Октомври" – Скопје преку вработените, односно одделенскиот раководител, соодветно реагирало по пријавите од страна на подносителката дека нејзиниот син како ученик во училиштето бил жртва на дискриминација или на друг вид на повреда. Дополнително, Комисијата од изнесените факти не утврди несоодветен однос на вработени кон подносителката или пак кон ученикот како нејзин син, дотолку што од приложеното кое се однесува на комуникација помеѓу подносителката и вработено лице од училиштето, видно е дека не станува за никакви дејствија или однесувања каузално поврзани со наведените дискриминаторски основи, кои претставуваат дискриминација во смисла на член 6 или пак вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*
[redacted]
*2. ООУ „11 Октомври" – Скопје ул. Мирче Ацев бр. 102, Скопје*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk